# Естетика и политика - кој дух владее со Скопје?

Став
26.02.2019
03:00

**Кица Колбе**



Политиката отсекогаш сакаше да владеее и преку естетиката со која се идентификуваше владетелот. Убавината на Фиренца сведочи за едно име - за династијата Медичи. И ќе сведочи за Медичи сè дури постои Фиренца, најубавиот град на Ренесансата. Тој е сведоштво за генијалните уметници кои работеле по нарачка на прочуените ренесансни владетели. Доволно е да ја видите скулптурата на „Давид“ од Микеланџело на Пјаца дела Сињориа, за да го препознаете духот на банкарската фамилија Медичи. И да знаете дека сте во прекрасната Фиренца.

Доволно е да го видите безимениот воин на коњ на плоштадот „Македонија“, за да го препознате духот на „фамилијата“ – на корумпираниот бивш македонски премиер Никола Груевски. И да знаете дека сте во најгрдиот град во светот - Скопје. Во него нема да препознаете дела на генијални уметници. Тие не му требаа на Груевски. Тој новата историја на градот ја создаваше преку ноќ, на јуриш, во скратен рок. Груевски од страв пред затворот ја напушти Македонија. Ама неговиот дух остана во Скопје. Што се однесува до грдоста на градот која тој ја остави зад себе за век-и-веков, неговиот дух, навистина, е присутен од кога било. И ќе биде сè додека постои „неговото дело” – Скопје 2014-та!

**Естетиката е (не)потребен трошок**

> Сите веќе се и ќе бидат статисти во неговиот театар на моќта и корупцијата. Тоа е небаре демонското во „визијата на Скопје 2014” на Никола Груевски.

Едно, притоа, е јасно веќе денес. Сè дотогаш и сите нови македонски политичари ќе владеат во сценографијата замислена од неговиот дух. Сите веќе се и ќе бидат статисти во неговиот театар на моќта и корупцијата. Тоа е небаре демонското во „визијата на Скопје 2014” на Никола Груевски. Таа ќе стои цврсто како негово дело и кога тој политички одамна ќе биде заборавен. И ќе ги присилува сите политичари да го одржуваат неговиот паноптикум од кич и невкус. Затоа што тој знаел дека тие нема да се осмелат да го урнат. Затоа што, очигледно, го знаел нивниот менталитет подобро и од нив самите. Знаел дека и тие самите ќе паднат во неговата замка на лажниот блесок и луксуз. А тоа окружување неминовно ќе фрла сенка и врз нивните личности. Ќе им го одзема правото да имаат автентичен естетски вкус.


Став
Зошто младите луѓе се преправаат дека сакаат да работат?


Став
Продавање на иднината или аплауз со една рака


Општество
Џафери не мораше да ја прекине седницата за имунитетот на Вељаноски


Став
Естетика и политика - кој дух владее со Скопје?


ЕвропаЖивот
Французинките го возвраќаат ударот


БалканЕвропа
Грција по програмата за спас: „Мора да се почне од нула“


Став
Циркус


ОпштествоСвет
Скриената моќ на работничките

Сите статии

Пара ВЕСТИ
- Вучиќ ја повика мачката на Карл Лагерфелд да вложува во Србија
- МВР открив терористи: Се преговара за помирување и вработување
- Скопските возачи предупредуваат: околу дупките се појавуваат улици

Пара ФОТО


Реткост

Око
Ова е Америка



СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА
Мирослав Кирин
**Причина**
Јас имам една причина доволна Доволна сите мирно да ве претепам
26.02.2019

"Една слика една можност"
- повик за уметници -






## Е-библиотека




**Женското прашање и социјалистичкото самоуправување (на хрватски)**

Една од најважните теориски книги на југословенскиот феминизам.

Што жените именуваат како машко мислење? / Еманципација и технологија / Историјата и социјалистичката природа / Историјата и природата на жената

Преземи

## Анкета

**За кого би гласале на претседателските избори во Македонија?:**

- За кандидат од партиите на власта
- За кандидат од партиите на опозицијата
- За независен кандидат
- Нема да гласам
- Не знам

Гласај

## Книга



**Хрониките на Арслан Новинарски**

Хрониките на Арслан Новинарски" е една од новите книги во едицијата Магма на книгоиздателството Темплум. Текстовите

Впрочем, кој политичар со естетско образование и култивиран вкус би прифатил да живее и работи во таков невкус? Затоа што, очигледно, многу добро ја знаел менталната матрица на своите Македонци, Груевски можел да биде сигурен дека никој никогаш нема да се осмели да помести ниту камче од неговата „псевдо-хеленистичка сложувалка". Тоа што е направено во бетон и стиропор, летаргичниот дух македонски никогаш не го урива. Ја од штедливост, ја од мрзливост, ја од неукост и недостиг на сопствена естетска визија за градот. Што е, тука е, па било тоа и грдо – тоа е логиката на просечниот ум. За него естетиката е непотребен трошок. Токму со тоа сметал Груевски. Но, може ли нешто вистинито и автентично, како демократија и уметност, воопшто да почне да живее среде лагата и кичот?



**Што значи „европска Македонија"?**

Да беше можно, Германците по пропаста на Третиот Рајх ќе ги оставеа насекаде низ Германија грдите, расистички скулптури во духот на ариевската раса. „Панаѓурот" од скулптури, кој во Скопје започнува со „Воинот на коњ" и завршува со камената историја на фамилијата на Аргеадите на плоштадот Пела, е исто сведоштво за една „фикс-идеја" на „визионерот" Груевски, според која Македонците потекнуваат од античките Македонци. Тие скулптури се изградени за да се покаже цивилизациската супериорност на античките Македонци. Инспирацијата за споменициte во Скопје е онаа од времето на Мусолини во Италија и на Хитлер во Германија. Тие се камена читанка по историја. Читанка со едно посебно толкување на македонскиот идентитет. Може ли таа воопшто да остане трајна, особено со оглед на Преспанскиот договор? Сè додека таа постои, не менува многу фактот што Преспанскиот договор јасно го разграничува идентитетот на Македонците во Република Северна Македонија - како словенски - од оној на античките Македонци. За „инсталацијата" во бетон и стиропор на Груевски во центарот на Скопје, Преспанскиот договор уште не стапил во сила. И нема да стапи во сила сè додека во срцето на Скопје ќе се извишува тој коњаник со исукан меч.

За „инсталацијата" во бетон и стиропор на Груевски во центарот на Скопје, Преспанскиот договор уште не стапил во сила. И нема да стапи во сила сè додека во срцето на Скопје ќе се извишува тој коњаник со исукан меч.







## Вести (time.mk)

- Франција не даде ни розова, ни сива слика за преговорите со ЕУ
- Ирена Ристиќ: Павле, Рада и Зоки да соберат пари за казната на Најчевска
- Ирена Ристиќ: Да собереме пари за Најчевска и да ги поздравиме Рада и Зоки!
- Нелоски: За Македонија да не стане Заевистан, граѓаните мора да излезат на претседателските избори
- Заев: Не сме далеку од изнаоѓање заеднички кандидат за претседател
- Заев: Без ДУИ имаме 58 пратеници

## radio.spodeli.org

**Канал 103** Ноќна плеј-листа: вторник/среда ~ Buzzcocks - Moving Away from the Pulsebeat

## Боли глава

### На маса со криминалци се седнува само да се случи мировен договор

СДСМ, овие од ВМРО-ДПМНЕ ви одржаа лекција. Ахахахахаха. Наместо вие да одбиете да седите на иста маса со криминалци, тие одбиваат да седат на иста маса со вас!

Ееееe, драги мои меки сдсмовчиња. Кога правите револуционерна промена (каква што и е потребна на државичкава) тогаш не прифаќате меки кадифени ракавици на некаков си „Жан Моне процес", туку зацепувате малку со сабја навамy у натаму.

застапени во книгата се објавени во периодот 2012-2018 на интернет порталот Окно во рубриката Пара вести.


## Најчитано 7 / 11

1. Љубовни песни
2. Македонски археолози тврдат дека Исус е роден во Македонија
3. Смешни одговори на децата
4. „Зелениот покрив“ на ГТЦ е премалку зелено решение, велат урбанистите и граѓаните
5. Роман на годината 2018 - извадоци од пристигнатите романи (14)
6. Јанакиевски и Спировски треба да имаат посебни мерки на заштита во затвор
7. Карикатури од брачниот живот
8. Неволји со пријателите...
9. Што ни е Крива Паланка што сме Подмочани
10. (Рас)кажувајќи ја бесконечноста
11. Роман на годината 2018 - извадоци од пристигнатите романи (18)



NEW BALKAN POLITICS JOURNAL OF POLITICS
QUEER.MK
ГЛОБУС on-line
ЛИБЕРТАС
ИНФО www.plusinfo.mk
MOJOTGRAD .COM ОД ДРУГ АГОЛ
ping.mk АГРЕГАТОР НА МК Е-СОДРЖИНИ
ГНЛА Платформа за истражувачко новинарство и анализи


Проблемот со тој споменик не е само во тоа што секој знае дека се работи за Александар Велики.

Проблемот не е само во неговата минорна уметничка вредност. Проблемот е во тоа што и неквалитетните, естетски минорните уметнички дела продолжуваат да „воспитуваат" во духот што го сугерираат. Тој споменик продолжува да сведочи дека Македонците се антички Македонци. Зошто, поинаку, во самиот центар на градот некој би изградил огромен споменик на Александар Македонски, освен како символика за античкиот идентитет на Македонците? Впрочем, тоа, на што му даваме централно место во нашиот свет, тоа го определува и тој свет и нас самите. Уште подрастично, фактот што Александар Велики е претставен во „борбена поза“, небаре се подготвува повторно да го освои светот, не сугерира за посматрачите, особено за најмладите, миролјубива, туку милитантна естетика. Целта на Преспанскиот договор, меѓутоа, е помирување со соседите и културна соработка. Милитантната естетика на голем број споменици во центарот на Скопје, од друга страна, не ја отвора Македонија кон светот, туку ја затвора во нејзината сопствена националистичка митологија. Тоа неминовно води во регресија.



**Духот на Никола Груевски**

> Доколку македонската политика ги познаваше принципите на естетиката, таа одамна ќе го „турнеше од престолот” симболот на владеeењето на Груевски.

Крајно време е критички да се промисли и да се ревидира милитантната естетика во многубројните споменици во центарот на Скопје. Оти таму, навистина, врие од коњаници и воини, со сабји, копја и мечови. Примарно прашање е дали и понатаму смее со центарот на градот да доминира воинот на коњ – бил тој, притоа, Александар или некој друг? На што треба да ги научи идните генерации таа грдосија на коњ? На милитантност и борбен дух? На национална гордост? Но, на каква националона гордост децата можат да бидат научени од безимен воин, подготвен да напаѓа и убива? Чуму во 21-от век таква милитантна иконографија? Што говори тој споменик за Скопје и за неговиот дух? Мора ли со градот вечно да владее духот на Никола Груевски? Доколку македонската политика ги познаваше принципите на естетиката, таа одамна ќе го „турнеше од престолот” симболот на владеeењето на Груевски. И ќе распишеше меѓународен конкурс за нов „симбол” на градот Скопје.

Супер што сакате да го дружите Вајгл, ама тој не ви е другарче, мислам дека до сега требаше тоа да го научите.
Во секој случај, на маса со криминалци се седнува само да се склучи мировен договор, а не да се гради политичка стратегија или да се договараат правила на игра.

Мирјана Најчевска, 21.02.19.





ВИДЕО ИНТЕРВЈУА СКОПЈЕ 1963 2014

комерцијална банка ад скопје





## Виц

Трпе ја прашува Трпана: -Што би направила ако случајно ме фатиш во кревет со некоја друга жена?

Трпана одговара: -А што би направил ти ако ме фатиш во кревет со некој друг маж?

Трпе: -Еј, не мешај курварење со тотална случајност!

## Фото

**Александар Родченко**

Мајка



ДОБРА РАБОТА MK
Полесно вработување!

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

СГС
СОВЕТ ЗА ГЛОБАЛНА СОРАБОТКА

Оти, не треба да се заборави дека архитектурата е уметност која ги отсликува потребите, навиките и обичаите на едно време. Таа, во иста мера, и самата ги обликува навиките и естетскиот вкус на една заедница. Да не беше така немаше да се восхитуваме на Баухаус и сто години подоцна. Нашиот современ вкус, нашиот модерен сензибилитет е длабоко повлијаен од Баухаус. И тогаш кога не сме свесни за тоа! Во таа смисла, архитектурата навистина не само што ги култивира сетилата и сиот животен сензибилитет на една заедница. Градбите во кои го поминуваме животот го обликуваат нашиот поглед на светот. Тие од нас може да направат отворени, слободни личности, но и борнирани, ограничени умови. Формите на градбите може да ја брануваат нашата фантазија и да нè инспирираат на нови уметнички форми.

Но, архитектурата може и да ја затвори нашата самосвест во тесни граници. Особено доколку архитектурата станува средство за воспитување во национално самовљубен историски наратив. Од друга страна, архитектурата го одржува минатото живо. Тоа, најчесто, има позитивно вредносно значење. Една добро одржана келнска вила од времето на Југендстил, со сите свои стилски поединости постојано го повикува за окото духот на времето во кое е создадена. Но, сосема поинакво е доживувањето на градбите кои се сведоштво за некоја диктатура. Скопје 2014 е архитектонско сведоштво за едно тоталитарно време. Архитектурата, имено, прави од просторот место на историско паметење. Градбите се памтењето на историјата на градот. Постојат пријатни и непријатни места на паметење. Постои архитектура која ја ослободува мислата и фантазијата. Од друга страна, има градежни комплекси кои будат нелагодност, страв и непријатност. Такво непријатно место на паметење е денес центарот на Скопје. Непријатноста ја предизвикува сеприсутноста на духот од времето на Никола Груевски. Скопје 2014 е сценографијата на неговата замисла за себе и за Македонија. Во таа сценографија лагодно се чувствуваат сите што учествуваа во владеењето Груевски.



**Туркање од престолот**

Во европската историја падот на тоталитарните режими се одвиваше со целосна демонтажа на сите симболи за власта на диктаторите. Таква беше и демонтажата на идеологијата и иконографијата на Советскиот сојуз. Од пиедесталите се урнваа гигантските бисти на Сталин, на Ленин, на Карл Маркс. Никој нов владетел не милува да владее во сенката на старите идеологии или на старата тоталирарна иконографија. Зошто смената на режимот немаше таква симболика во Македонија? Зошто на новата македонска влада не ѝ пречи присуството на Груевски во изгледот на главниот град? Дали, можеби, затоа што се чинеше дека со Скопје 2014. Груевски не го инсталираше сопствениот култ на личноста? Дали затоа што никаде немаше негов споменик, од кој тој симболично ќе беше турнат од „престолот"? Но, дали е навистина така како што се привидува? Имено, сè говори дека сиот проект Скопје 2014. е дело во слава на култот на „малечкиот дикататорˮ Груевски. Тој проект не го слави Александар. Груевски со него се слави себеси. Тој стои зад сиот паноптикум од споменици. Само што тој не се јавува во непосредна форма. Туку во гигантската фигура на онаа историска личност, која тој ја (зло)употреби како сопствена маскота - Александар Велики.

„Болеста" на Груевски беше „Александроманијата." Во лукавоста на малечките диктатори, на крајот, тој и него го „понижиˮ до безимен „воин на коњˮ. Митологијата на Груевски може да се победи пред јавноста само во естетска смисла. Со тоа што ќе се „турне од престолотˮ неговата маскота - споменикот на Александар Велики.

**Погледнете**

1. Невидливото малцинство во Грција - словенските Македонци - ново
2. Great Gardens
3. Сашо Ордановски - Што е посилно: стравот или надежта?
4. Владимир Глигоров - Као лав
5. Boris Buden – intervju
6. Трагедијата кај Ласкарци ги потресе земјата и регионот

117 БЕСПЛАТНИ е-книги Е-БИБЛИОТЕКА

АНКЕТА ЗА СК014

ТЕМПЛУМ

Барате работа?



Слики: Свирачиња

Извор: DW



Tweet G+ Like 0

## Слични содржини



Став
Република Северна Македонија


Став / Култура
Аутопсија на еден сон (2)


Став
2018-та - македонскиот испит на зрелоста


Став
Егејското бегалско паметење и Договорот од Преспа


Став
Сликата за Македонија на граѓаните визионери


Став
Триесет години македонска самотија


Став
„Руската врска" на бојкотирачката десница во РМ


Став
Македонска идентитетска „шизофренија"


Кирк Семпл
Мексико сити од спомените на Алфонсо Куарон


Џулиа Ебнер
Запрете ги интернет теориите на заговор пред да ја скршат


Алексеј Наришкин
Неволји со пријателите...


Златко Теодосиевски
Право на грешка

[ 1 ОКО ПОВЕЌЕ ] [ 2 БОЛИ ГЛАВА ПОВЕЌЕ ] [ 3 ВИЦ ПОВЕЌЕ ] [ 4 ФОТО ПОВЕЌЕ ]


**Февруари 2019**

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 1 | 2 | 3 |

Кликни на датумот за да ги прочиташ статиите од тој ден.

**Пријатели**

templum.com.mk | kontrapunkt-mk.org | koma.com.mk | gem.org.mk | plostadsloboda.org | maturanti.com.mk | classicforever.blogspot.com | fokus.soros.org.mk | www.makedonski.info | Сараевски тетратки | http://www.elektrobeton.net/ | 4secondsbehind.blogspot.com | ping.mk | pescanik.net | idsb.org.mk | http://sextures.net | femgerila.crnaovca.mk | sead93.crnaovca.mk | jasnesumjas.blogspot.com | vuna.info | http://vbb.mk | jasnakoteska.blogspot.com | photo-soulz.blogspot.com | ivanblazhev.com | deschoolingclassroom | kalina.blog.com.mk | geroski.mk | filozof.blog.com.mk